**АГРОКУМАНОВО АД** **ПРЕДЛОГ-1**
**Бр. 02 - ......../1**
**31. 05. 2016 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 383 ст.1 т.2 и чл. 384 ст.2 т.1 од Законот за трговските друштва, чл. 30 ст.3 т.1 и чл.38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден **31. 05. 2016** година, донесе:

# О Д Л У К А

## за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работење на Друштвото за 2015 година

**I. СЕ УСВОЈУВА** годишната сметка, финансиските извештаи, ревизорскиот извештај и годишниот извештај за работа на АГРОКУМАНОВО АД Куманово во деловната 2015 година, со следниве остварени резултати од работењето:

**1. Приходи ..........................................................18.592.894,00 ден.;**

**2. Расходи ..........................................................24.826.657,00 ден.;**

**3. Загуба пред оданочување (1-2).........................6.233.763,00 ден.;**

**4. Данок на добивка ...................................................... .00,00 ден.;**

**5. Загуба по оданочување (3-4)............................6.233.763,00 ден.**

**II.** Составен дел на оваа одлука се Годишниот извештај за работа на друштвото во деловната 2015 година со Билансот на состојбата на 31.12.2015 год. Билансот на успехот и Извештајот на ревизорот од 30 Март 2016 за период 01.01 - 31.12. 2015 година.

**III**. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Сектори / Подружници, Архива, Централен регистар и Македонска берза на хартиите од вредност АД Скопје.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

______________________

**АГРОКУМАНОВО АД** **П Р Е Д Л О Г- 2**
**Бр. 02 - ........./2**
**31. 05. 2016 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 484 од Законот за трговските друштва, чл. 30 ст.3 т.2 и чл.38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден **31. 05. 2016** година, донесе:

# О Д Л У К А
## за покривање на загубата за деловната 2015 година

**I.** Загубата од работењето на АГРОКУМАНОВО АД Куманово во деловната 2013 година во вкупен износ по оданочување од **6.233.763,00 ден**. да се покрие од акумулираната добивка од претходните години.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Подружници, Сектори, Архива, Централен регистар и Македонска берза на хартиите од вредност АД Скопје.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

______________________

**АГРОКУМАНОВО АД** **ПРЕДЛОГ-3**
**Бр. 02 - ......../3**
**31. 05. 2016 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 483 ст.2 т.5 од Законот за трговските друштва, чл. 28 т.2 и 12 и чл.38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден **31. 05. 2016** година, донесе:

# О Д Л У К А
## за прекнижување на дел од билансни позиции во акумулирана добивка

**I.** СЕ ОДОБРУВА прекнижување на дел од билансни позиции на акумулирана добивка искажана заклучно со 31.12.2015 година и тоа:

**1.** Премијата на акционерскиот капитал во износ од 1.497.216,00 ден. што претставува разлика од повисоката номинална вредност од вредноста по која се откупени акциите сопственост на Друштвото, кои со поништувањето се евидентирани како премија од издадените акции, да се прекнижи во акумулирана добивка;
**2.** Обврската за неисплатена дивиденда во износ од 382.453,00 ден. спрема Фонд на ПИОМ да се отпише и прекнижи на акумулирана добивка бидејќи обврската е постара од 5 /пет/ години и Фонд на ПИОМ не е акционер во Друштвото; и
**3.** Делот од ревалоризационите резерви на износ од 5.928.843,40 ден. да се прекнижи во акумулирана добивка.

**II.** СЕ ЗАДОЛЖУВА Секторот за финансиски работи на Друштвото, да спроведе прекнижување на износите од став **I.** т. 1, 2 и 3 на акумулирана добивка, согласно со оваа одлука и прописите за сметководствено работење;

**III.** Составен дел на оваа одлука се Извештајот на независниот ревизор за деловната 2015 година и Препораките од 30 Март 2016 година.

**IV**. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Сектори / Подружници, Архива, Централен регистар и Македонска берза на хартиите од вредност АД Скопје.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

______________

**АГРОКУМАНОВО АД** **П Р Е Д Л О Г- 4**
**Бр. 02 - ......./4**
**31. 05. 2016 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 383 ст.1 т.4 и чл. 384 ст.2 т.3 од Законот за трговските друштва, чл. 30 ст.3 т.3 и чл. 38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден **31. 05. 201**6 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**I.** СЕ ОДОБРУВА работата на членовите на Одборот на директори на АГРОКУМАНОВО АД Куманово во деловната 2015 година и тоа :

1. **Анита Тодоровска - Председател;**
2. **Тони Каранфиловски - Заменик Претседател ;**
3. **Иван Ортаковски - член;**
4. **Горан Стојчевски - член; и**
5. **Јовица Пешиќ - член.**

**II.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Членови на Одборот на директори, Подружници, Сектори и Архива.

**Собрание на АД**
**Претседавач**
________________

**АГРОКУМАНОВО АД** **ПРЕДЛОГ-5**
**Бр. 02 - ........./5**
**31. 05. 2016 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 383 ст.1 т.8 и чл.479 ст.2 од Законот за трговските друштва, чл. 28 т.8 и чл.38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден **31. 05. 2016** година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување на ревизор на годишна сметка**

**1.** За ревизор на годишната сметка и на финансиките извештаи на АГРОКУМАНОВО АД Куманово за деловната 2015 година СЕ ИМЕНУВА:

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

**2.** СЕ ЗАДОЛЖУВА Генералниот извршен директор, согласно со Понудата на овластениот ревизор, да склучи Договор за вршење на ревизија на работењето на Друштвото за 2016 година;

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На оваа седница на Собранието на АД е констатирана законската обврска за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиките извештаи на Друштвото за деловната 2016 год. при што за најповолна е прифатена понудата на именуваниот ревизор, како проверен и докажан деловен партнер од областа на ревизијата.

Поради изнесеното е одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДОСТАВЕНО:** Собрание на АД, Подружници, Сектори и Архива.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

____________________

**АГРОКУМАНОВО АД** **П Р Е Д Л О Г-6**
**Бр. 02 - _____/6**
**31.05. 2016 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 363 ст.1 и 3 од Законот за трговските друштва, чл. 28 т.3 и чл.38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден **31. 05. 2016** година, донесе:

# О Д Л У К А
## за отповикување на член на Одбор на директори

**I.** СЕ ОТПОВИКУВА член на Одбор на директори на АГРОКУМАНОВО АД Куманово :

**- ГОРАН СТОЈЧЕВСКИ**, **дипл. економист**

**II.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**III.** СЕ ОВЛАСТУВА лицето Богица Трајковска да поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на одлуката за отповикување на членот на Одбор на директори на АД.

**ДОСТАВЕНО:** Членови на Одбор на директори на АД, Трговски регистар, Подружници/Сектори и Архива.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

___________________

**АГРОКУМАНОВО АД** **ПРЕДЛОГ-7**
**Бр. 02 - _____/7**
**31.05. 2016 год.**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на чл. 344 од Законот за трговските друштва, чл. 28 т.3 и чл.38 од Статутот на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден **31. 05. 2016** година, донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на член на Одбор на директори

**I.** За член на Одбор на директори на АГРОКУМАНОВО АД Куманово СЕ ИЗБИРА :

- ______________________________________________________________

**II.** Членот на Одбор на директори на АД се избира со мандат од 4 /четири/ години;

**III.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето;

**IV.** СЕ ОВЛАСТУВА лицето Богица Трајковска да поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на одлуката за избор на член на Одбор на директори на АД.

**ДОСТАВЕНО:** Членови на Одбор на директори на АД, Трговски регистар, Подружници/Сектори и Архива.

**Собрание на АД**
**Претседавач**

_____________________